Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на општина Василево (Службен гласник на општина Василево бр. бр.04/03,08/06 и 09/10), Советот на општина Василево на својата седница одржана на 31.10.2016 година ја донесе следната:

**Програма**

за локален економски развој на подрачјето на општина Василево за 2017 година

Во текот на 2017 година предвидени се одредени активности од обласга на економкиот развој во повеќе области во општината како што се:

- ✓ Поттикнување на граѓаните со определени обуки за планирање на своето производство преку современи мерки на стопанисување;
- ✓ Изработка на свои проекти за заштита на животната средина и конкурирање во сите невладини организации кои објавуваат потреба од вакви проекти;
- ✓ Учество во заеднички проекти во југоисточниот регион на десетте општини од областа за расчистување на цврстиот отпад и друг отпад како и други (заеднички) проекти;
- ✓ Учество во заеднички проекти во ИПА фондовите кои ќе почнат да се спроведуваат во 2017 година особено за прекуграничната соработка со општини од соседна Бугарија и други соседни држави;
- ✓ Покривање на трошоците за извршените услуги во областа на надзорот .

член 1

За потребата од реализација на оваа програма како приходи ќе ги користеме средствата од основниот буџет од: 2.350.000 денари

член 2

G1. Поддршка на локалниот економски развој

Во оваа програма ќе предвидиме средства за следните активности:

- ✓ Трошоци за комунални услуги во висина од 50.000 денари;
- ✓ Сревства за набавка на ситен инвентар, списанија и канц. материјал од 100.000 денари;
- ✓ За субвенционирање на заеднички проекти средства од 500.000 денари;
- ✓ За изготвување на свои проекти средства во висина од 1.000.000 денари;
- ✓ Сревства за ангажирање на надворешни експерти во наведената област од 200.000 денари;
- ✓ Средства за подршка и наградување на талентирани учениции 100.000 денари;
- ✓ Средства за ЗЕЛС и Центарот за развој на Југоисточниот регион 300.000 денари;
- ✓ Подршка на Младински совет 100.000 денари

**Вкупно: 2.350.000 денари**

член 3

Оваа програма стапува во сила осмиот ден по објавувањето во Службениот гласник на општина Василево.

Бр.09-1980/1
01.11..2016г.
Василево

Совет на општина Василево
Претседател,
Драги Митев с.р.